Крсте БИТОСКИ

# ФОРМИРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ КОМИТЕТ ВО БУГАРИЈА И НЕГОВИТЕ ПРВИ АКЦИИ

По присоединувањето на автономна Источна Румелија кон Кнежевство Бугарија (1885 год.), во самата Бугарија се случиле настани, кои во извесен период прашањето за „ослободувањето" на Македонија го правеле неактуелно. Во новонастанатата ситуација и македонските друштва, формирани од македонската емиграција во Бугарија, станале непотребни и започнале постепено да се растураат.

Општествено-економскиот и политичкиот развиток на Бугарија, по нејзиното ослободување, носел печат на силно руско влијание. Тоа било донекаде нормално кога се знае дека бугарскиот народ бил ослободен благодарение на руската помош. Меѓутоа, рускиот царизам ползувајќи го огромниот авторитет, кој како ослободителка го стекнала Русија сред целиот бугарски народ, започнал да води кон новоослободената држава речиси чисто колонијална политика. Тоа придонесло во редовите на бугарската буржоазија да се појави отпор кој постепено ќе прерасне во револт и ќе доведе, подоцна, дури и до прекинување на дипломатските односи меѓу двете земји. Сакајќи да го зацврсти своето расклатено влијание во Бугарија, руската царска влада го помагала детронирањето во 1886 год. на првиот бугарски кнез Ал. Батемберг, со што фактички придонесла односите уште повеќе да се влошат. Власта минала во рацете на оној дел од бугарската буржоазија кој потешко се мирел со претераното и грубо мешање на руската влада во внатрешните работи на Бугарија. Оваа владеачка гарнитура, на чело со Ст. Стамболов, наспроти волјата и отпорот на рускиот цар, за нов владетел на Бугарија во 1887 го прогласила австрискиот офицер Фердинанд Сакс Кобурготски, а за да може да се одбрани од бројните внатрешни непријатели кои, помагани од руската царска влада, не бирале средства да ја соборат, започнала да се служи со терор и да се потпира врз некои западни земји, пред сè, Англија и Австро-Унгарија. Овие пак биле живо заинтересирани за истиснување на руското влијание од Бугарија кое, поради близината на оваа земја до Цариград и Дарданелите, го сметале за моќне

опасно по нивните интереси, па биле готови дури и да завојуваат со Русија, ако оваа се обиде и војнички да интервенира во Бугарија.

Од истите причини владата на Стамболов била заинтересирана не само за добрососедски туку дури и за пријателски односи со Турција. Затоа таа не можела да дозволи на својата територија да се организира било каква акција која би го имала за цел „ослободувањето" на Македонија. Тоа пак, од своја страна, како и верувањето на дел од емиграцијата дека Македонија ќе може да се ослободи со пошом на Русија, натерало многу македонски водачи во Кнежевството Бугарија, од типот на Ризов, Китанчев и др., да се присоединат кон русофилските партии во Бугарија и да се борат против Стамболовата влада.

Политиката на Стамболовата влада спрема Македонија била, всушност, политика на засилување на бугарската пропаганда — преку училиштата и Егзархијата. Ползувајќи ги добрите односи со Високата порта, Стамболов успеал да издејствува три берати за бугарски владици во Македонија, а преку формирањето на специјален Училишен оддел при Егзархијата во Цариград и со помошта на свои луѓе успеал да го узурпира раководењето со општествените дејности и во голема мера да ги ликвидира самоуправните традиции на македонскиот народ во областа на просветното и црковното дело. Меѓутоа, таквата политика предизвикала доста негативни последици за интересите на бугарската пропаганда. Се засилил т. н. македонски „сепаратизам", позначајниот дел од македонската интелигенција сфатил дека од бугарската држава и од Бугарската егзархија македонската интелигенција е третирана како второстепена во однос на бугарската, сфатил дека бугарската држава и Егзархијата во Македонија водат пропаганда и испраќаат „Бугари за да ги прават Македонците Бугари[1])" што, покрај другото, ќе придонесе и за нејзиното поправилно ориентирање во претстојната ослободителна борба и да заземе како раководител на Македонската революционерна организација, правилен став кон иднината на Македонија што на специфичен начин пак ќе изврши огромно влијание врз историскиот процес на формирањето на македонската нација.

По оставката на Стамболов во мај 1894 година, во Бугарија била формирана нова влада на чело со д-р Константин Стоилов, претставник на крупната буржоазија. Со тоа биле соз-

---

[1]) Вардарски, Стамболовщината въ Македония и нейнитѣ прѣдставители, Виена, 1894. Основната задача на авторот (П. Поп-Арсов) била на кусо да ги прикаже акциите на Бугарија и Егзархијата за духовното завладување на Македонија и појавата на отпор кај македонската интелигенција. На стр. 26 авторот, меѓу другото, констатира: „Ние немаме Училишен оддел во Цариград кој би се грижел за добриот о̂д на училиштата во Македонија, а просто и чисто еден севернобугарски Езуитски орден со ...задача која ја содржи во себе си уште и тенденцијата да се создаваат во Македонија Бугари".

дадени услови за слободно политичко делување што ќе биде искористувано и од македонската емиграција за организирање и вклучување во новиот политички живот на земјата.

Уште пред паѓањето на Стамболовиот режим, група македонски дејци, на чело со К. Шахов, направила обид да создаде една организација која би можела да ја претставува македонската емиграција, а чие битие не би било загрозено од било кој режим во Бугарија. За да избегнат поголеми пречки од режимот иницијаторите се појавиле како обновувачи на бившата Млада македонска книжевна дружина. Тие напишале и устав на Дружината кој изразувал на изглед сосема скромни претензии: имено Дружината според него имала за цел: а) да издава списание; б) да отвори читална во Софија за Македонците и в) да дава повод за преземање и употребување на разни корисни средства од Македонците кои би можеле да послужат за подобрување на положбата во Македонија, сообразно на потребата, времето и условите. Позаможните Македонци до кои се обратил Шахов за соработка и помош, откажале да се вклучат во организацијата плашејќи се од стамболовиот режим. Прво се запишале околу 10 лица Македонци — студенти во Вишото училиште.[2]) Откако се зголемил бројот на членството, бил подготвен проект-правилник кој бил прифатен на 8 мај 1894 година на едно собрание на Дружината. Правилникот го регулирал изборот и должностите на раководството, членувањето, правата и должностите на членовите и сл.

Како што се гледа паѓањето на Стамболовата влада затекнало извесни македонски кругови веќе организирани и релативно подготвени да се стават на чело на емиграција. Тие започнале и со одредени акции. Меѓу раководството на ММД есента 1894 година се јавила идејата да се подготви и поднесе една адреса до големите сили, потписнички на Берлинскиот договор, која би содржала жалби заради лошата положба во Македонија и би се барало исполнување на реформите предвидени со чл. 23 од Берлинскиот договор. Обмислувајќи за начинот на поднесувањето на таа адреса било решено во Софија да се организира митинг. Со цел адресата да добиела што повеќе во својата тежина, било одлучено да се побара таа да биде поткрепена од сите Македонци кои живееле во Бугарија, а по можност и од оние кои живееле во Романија, Србија и Грција.

Откако била добиена согласност од емигрантските претставници од речиси сите поважни делови на Бугарија каде што живееле, во Дружината била избрана една трichлена комисија со задача да свика собрание од извесен број „повидни" Македонци во Софија за разменување на мисли и да се побара соработка. Собранието било одржано на 10 ноември 1894 година, а меѓу присутните (околу 35 лица) се наоѓал и Тр. Китанчев. Тука

---

[2]) „Глас Македонски" бр. 51 (1895) и следните броеви.

се донесло решение да се свикаат Македонците на митинг, а потребните подготовки за тоа ѝ биле поверени на една петточлена комисија.

Интересно е веќе тука да споменеме дека меѓу луѓето кои играле раководна улога во редовите на македонската емиграција во Бугарија веќе постоел расцеп кој се манифестирал и на овој прв поширок собир, а ќе се манифестира и во идната дејност на емиграцијата. На споменатиов собир Тр. Китанчев бил против организирањето на митинзи, под изговор дека не била извршена доволна подготовка за една таква акција и дека самиот не се чувствувал „силен" да се бори против Турците. Каде мислел да ја црпи силата Китанчев, може само да се претпостави. Тој во моментот бил за издавање на еден „сериозен" весник кој би се пишувал и на француски јазик. Во меѓувреме тој весник бил подготвуван и по два дена излегол првиот број. — Тоа бил в. „Право" околу кој биле групирани луѓето блиски на Китанчев.

Несогласувањето на Китанчев не го спречило одржувањето на митинзите во Бугарија. Во Софија бил одржан митинг на 20 ноември и на него присуствувале околу 10.000 лица пред кои биле одржани говори за тешката положба во Македонија и била донесена резолуција со која се моделе силите потписнички на Берлинскиот договор да настојуваат пред Турската влада за исполнување на чл. 23 од истиот договор. Слични митинзи се одржале и во другите градови на Бугарија. На сите тие митинзи се истакнувала тешката положба на населението во Македонија, се осудувале колежите над Ерменците извршени од турските власти и се барало примена на чл. 23 од Берлинскиот договор. Резолуциите биле испраќани до Министерството за надворешни работи на Бугарија и до редакциите на весниците во Софија. Резолуцијата, изгласана на митингот во Софија требала да им биде лично предадена на дипломатските претставници на големите сили во Софија, но тие одбиле да ја примаат, а австриското и англиското претставништво одбиле да ја примаат дури и по пошта.[3])

Овие митинзи го разбранувале јавното мнение не само во Бугарија и во соседните балкански монархии, туку и во Европа. Бугарската влада, свесна за последиците презела некои мерки кои требало јавно да докажат дека таа нема никаква врска со митинзите. Уште пред тоа, наспроти тврдењата на бугарскиот печат за зголемување на разбојништвото во Македонија, органот на владеачката партија в. „Мир" ги прогласил сите тие информации за неосновани, тврдејќи дека турските власти обрнувале големо внимание врз гарантирање безбедноста на населението.[4]) На самиот митинг полицијата заштитувала некои провокатори,

---

[3]) В. „Право", год. I, бр. 3 и 4, София, 1894.
[4]) Според „Право", год. I, бр. 1, 12. XI. 1894.

кои, кон учесниците на митингот се однесувала непријателски, а в. „Мир“ за митингот пишувал навредливо и со омаловажување.

Бидејќи митинзите во Бугарија, одржани есента 1894 година, по десетина години затишје, за првпат така јавно и на таков начин го огласиле интересот на македонската емиграција за нивната татковина и бидејќи тој интерес долги години по тоа нема да престане, за нас уште во почетокот се поставува прашањето: Каков бил ставот и улогата на бугарската влада во тие настани? Тоа се поставува и затоа што во историската литература, речиси по правило, улогата на бугарските влади во акциите на македонската емиграција често или се предимензионира, или пак се прикажува неточно.

Од постојните и за сега достатни изворни податоци, не може да се заклучи дека бугарската влада учествувала во организирањето на митинзите. Напротив, од она што веќе го споменавме а и од острото реагирање на емигрантскиот печат[5]) против провокативните истапи на владиниот лист „Мир“ и против Стоиловата влада, може да се заклучи дека таа не ги организирала митинзите.

Но тоа што владата на д-р Стоилов не учествувала во подготвувањето и официјално била против митинзите, не ѝ пречело оваа акција на македонската емиграција да ја исползува за цели кои немаа никаква врска со барањата поставени на митинзите. Имено таа решила митинзите да ги исползува не со цел да изврши било каков притисок врз турската влада за подобрување на положбата на угнетеното население во Македонија, туку со цел да изнуди од султанот отстапки за засилување на великобугарската пропаганда во Македонија. Додека траеле митинзите во внатрешноста на Кнежевството, владата му наредила на егзархот да бара од Високата порта дозвола за составување на Синод при Егзархијата. Егзархот пак дискретно му ставил до знаење на султанот дека митинзите и барањата за реформи во Македонија биле безрезултатни, бидејќи народот во Македонија не бил зрел да ги цени и дека тие ќе престанат ако турската влада исполни три точки: да не се допушта српската пропаганда во Македонија бидејќи во неа нема Срби; да се дозволи, во оние места каде што мнозинството од населението сака да ѝ се приклучи на Егзархијата во црквите да се служи на словенски јазик или наизменично словенски и грчки; и да се дадат берати за бугарски владици во епархиите Дебарска, Струмичка, Битолска, и др.

Турската влада ѝ ставила на знаење на бугарската влада дека под притисок на митинзите нема да попушти и нема да ги уважи барањата изнесени во резолуциите. Меѓутоа, таа направила еден гест од кој кнежевската влада можела да заклучи

---

[5]) „Глас Македонски“, год. II, бр. 1 и 4; „Право“, год I, бр. 3.

дека притисокот врз Турција преку митинзи или со други поекстремни средства, може да даде некои резултати. Имено, по завршетокот на митинзите, султанот му изразил благодарност на бугарскиот кнез зашто не ги зел предвид резолуциите од митинзите, ветувајќи му, доколку го спречи нивното повторување, дека ќе направи сè што можел за Бугарија и лично ќе се ангажирал за признавањето на кнезот.[6])

Одбивањето на дипломатските претставници на големите сили во Софија лично да ја примаат делегацијата и резолуцијата од Софискиот митинг, бил јасен знак дека владите на големите сили не сакале да преземаат било какви чекори за подобрување положбата во Македонија по барање на емигрантската јавност и не го одобрувале таквиот начин на притисок од емиграцијата. Од друга страна бугарската влада неколку месеци по укинување на Стамболовиот диктаторски режим не можела да се служи со средствата на Стамболов и да ги забрани митинзите, а и не сакала да го направи тоа. Иницијаторите на митинзите, пак, не се обескуражиле и продолжиле со работата за организирање на емиграцијата.

Главната иницијатива за организирање на емиграцијата и натаму ја држеле раководителите на ММД. Кон средината на декември 1894 година во рамките на Дружината била избрана една петчлена комисија која изработила проект за акција и се натоварила со задача да свика општо собрание од Македонци согласно правилникот на Дружината. Таквото собрание било свикано на 29 декември 1894 година во Македонското читалиште во Софија. На собранието присуствувале околу 400 лица и откако била објаснета целта, и по долги дискусии, било одлучено да се избере, со тајно гласање, еден комитет од 5 члена со едногодишен мандат кој ќе ги има следниве права и задолженија:

Да собира податоци за сите злоупотреби извршени над христијанското население во Македонија и Одринско и сите тие податоци да ги публикува на француски јазик; да собира парична помош која би послужила за собирање и публикување на податоците и ако е потребно, за испраќање на една делегација по европските дворови со задача да моли за правата на христијаните во Турција; Комитетот бил должен, по истекот на мандатот, целата архива да му ја предаде на новоизбраниот комитет и др.

Од вкупно 12 пријавени кандидати, со тајно гласање, за членови на Комитетот биле избрани: Ѓорѓи Ѓеорѓиев, Коста Христов, Трајко Китанчев, Коста Сарафов и Васил Диамандиев.[7])

---

6) Иван Катарџиев, Серскиот округ од Кресненското востание до Младотурската револуција, Скопје, 1968, с. 105—107.

7) Протокол од изборното собрание, „Глас Македонски“, год. II, бр. 6.

Од познатите личности — кандидати, не биле избрани Димитар Ризов, браќа Иванови, Ј. Ковачев, д-р К. Поменов.

Како што се гледа, задачите што си ги поставил пред себе Македонскиот комитет при крајот на 1894 година биле повеќе од скромни. Се сакало, преку објавувањето податоци за тешката положба на христијанското население во Турција, да се држи постојано актуелно пред европската јавност прашањето за Македонија и да се влијае врз европските сили со средства кои се сметале за наполно легални и нормални.

Во меѓувреме додека ММД ги вршела подготовките за свикување на собранието за избор на Македонскиот комитет, друга една група, собрана околу в. „Право", чии редактор бил Т. Карајовов, и помогната од извесен број членови на ММД, решила да формира ново друштво. Тоа друштво било наречено „Братски сојуз" (БС) и имало свој Устав[8]) донесен од едно собрание одржано во Софија на 27 декември 1894 год. Според член 1 од Уставот „Братски сојуз" имал за цел „со општ труд и обединети сили да работи по легален начин за подобрување положбата на неослободените браќа во Турција". Средствата за постигнување на целта биле (чл. 2) главно печатено слово, јавни собранија, „ходотајствата и разни други постапки". За претседател на управата на друштвото бил избран Тр. Китанчев, за потпретседател — Туфекчиев, за касиер — Н. Иванов, за секретар Т. Карајовов и Спространов и др.

Значи за кусо време во Софија изникнале две, поточно речено три, македонски друштва — ММД по чија иницијатива бил формиран Македонскиот комитет и „Братски сојуз", со свои весници и свои „идеологии". Уште пред појавата на „Братски сојуз" беа почнале, а по неговото формирање и се засилиле полемиките и нападите меѓу двете страни што, се разбира, не можело а да не влијае врз расположението и единството на емигрантските маси.

Кои биле разликите меѓу двете друштва? Судејќи по нивните устави би требало да се заклучи дека целта на сите им била иста, а патиштата по кои требало да се стигне до целта во суштина не се разликувале. Според тоа разлики по принципи немало. Но и покрај тоа биле формирани два раководни центри кои започнале да ја повикуваат македонската емиграција да им се приклучи, прикажувајќи се себеси за најдоследни борци за слободата на Македонија.

Расцепот, како што веќе истакнавме, бил предизвикан од Тр. Китанчев и луѓето околу в. „Право" кои, иако биле повикувани и можеле да се вклучат во редовите на ММД и Македонскиот комитет, одбиле тоа да го направат. На чело на ММД стоеле луѓе како што бил К. Шахов, со веќе одамна стекнат авторитет и влијание, поради што секој кој би се приклучил кон оваа раководна гарнитура не би можел да претендира да биде нешто повеќе освен рамноправен со другите членови на

[8]) „Право", год. I, бр. 9.

4*

раководството. Меѓутоа, Китанчев и неговите другари имале поголеми претензии. Тие сакале да бидат главни, раководители на емиграцијата во Бугарија, бидејќи имале свои планови. Затоа под изговор дека со раководството на ММД не можело да се соработува[9]) решиле да формираат одделно друштво кое требало да им послужи како база за постигнување на својата цел. Планот бил добро изработен. Речиси веднаш по расцепот, кој самите го извршиле со формирањето на „Братски сојуз", Китанчев, Наумов, Карајовов и др. пред јавноста ја фрлиле паролата за непотребно да постојат три македонски друштва и ја презеле иницијативата за нивното обединување. Биле поканети раководителите на ММД и Македонскиот комитет (МК) на состанок (на кој пртседавал Тр. Китанчев како претседател на „Братски сојуз") со цел да се разгледа можноста и начинот на обединувањето. Сосема нормално Шахов предложил да се распушти новоформираното друштво „Братски сојуз" и кој сакал да работи за Македонија тоа можел да го прави во рамките на ММД. Китанчев, пак, предложил дружината, која се состоела од млади луѓе, да се занимава само со културно-просветна дејност а два-три од МК да се изберат и присоединат кон раководството на БС,[10]) со други зборови речено, да се распушти МК и како фактички раководители на македонската емиграција да останат раководните луѓе на БС. Согласност не била постигната и полемиката и меѓусебните напади продолжиле.

По сѐ изгледа уште додека се одржувале митинзите низ Бугарија, се родила идејата за организирање и испраќање вооружени чети во Македонија.[11]) Одбивањето на дипломатските претставници во Софија лично да ја примат Резолуцијата од Софискиот митинг му послужило како повод на в. „Право" (бр. 4) да констатира дека „само со крв и железо се решаваат големите проблеми на векот" и да извика „. . . напред кон светата револуција".

Секако Китанчев и неговите блиски инспиратори не мислеле на револуцијата за која угнетениот народ во Македонија, под раководството на МРО туку што почнал системно да се

---

[9]) Тие, раководителите на ММД, и одделно Шахова, ги прогласиле за своеволни, грандомани, неспособни да раководат, незгодни за соработка, а состојбата во Дружината — за анархична. Предлагале ММД да се занимава само со литературна дејност, приредување на вечеринки и сл., т.е. да се откаже од чисто политичка и организациона дејност („Право", год. I, бр. 11).

[10]) „Право", год. I, бр. 11.

[11]) Борис Сарафов во своите спомени тврди дека уште во текот зимата на 1894 год. (мисли на ноември и декември) во договор со Китанчев, започнал да собира чета и да ја обучува. „Со Китанчев, пишува тој, бевме зборувале дека треба да дадеме знак на живот во претстојната пролет со некои движења за да ја предизвикаме интервенцијата на силите та да се приложи во Македонија, чл. 23 од Берлинскиот договор. Китанчев беше согласен" (Спомени на Дамјан Груев, Борис Сарафов и Иван Гарванов. Съопщава Л. Милетич, София, 1927, с. 36).

подготвува, туку на сопствена „револуција". А за подготвувањето на една таква акција Шахов, младите луѓе на ММД и инспирираните од нив МК изгледа не биле погодни.[12])

Притисок на „Братски сојуз" за обединување на емиграцијата по првиот неуспех уште повеќе се засилил. Бидејќи како главна пречка за обединувањето се посочувал К. Шахов, против него биле највеќе усмерени и нападите. Не се бирале средства неговата лачност да биде компромитирана,[13]) кога личноста на Тр. Китанчев била обвиена со ореолот на голем патриот и маченик од времето на Стамболов што за „Братски сојуз" било голем капитал и речиси сигурна можност за успех. Под притисок на таквата атмосфера бил свикан состанок (24. II. 1895) на претставници од двете страни и била постигната согласност регистрирана во одделен протокол.[14]) Според овој протокол сите македонски друштва во Софија формираат еден Врховен македонски комитет од шест члена, кој му наложувал на „централното" дрштво БС да организира и раководи со сите други во Бугарија и на други места. Во исто време „централното" друштво БС ќе ги исполнувал решенијата на Врховниот комитет. Дотогаш собраните пари од Комитетот требало да се внесат во касата на БС, а за своите итни потреби Комитетот можел да извлекува средства од паричните фондови на БС.

Како што се гледа постигнатата спогодба БС го прогласувала за централно друштво кое требало да раководи со сите македонски друштва во Бугарија по директива на Врховниот македонски комитет, со други зборови речено, обединувањето

---

[12]) Во меѓувреме познатиот Д. Ризов започнал да издава свој весник „Млада България" во кој ги изнесувал своите и на неговите пријатели сфаќања за „ослободуването" на Македонија. Откако констатира дека од Егзархијата и нејзините владици не можело ништо да се очекува, исто како и од Турција, за подобрување на положбата во Македонија, останувало само Бугарија и македонската емиграција, кои биле должни и кои би можеле нешто да сторат. Но како? Не со митинзи — како што препорачувал „Глас македонски" и не со револуција — како што се застапувал в. „Право". За револуција или барањето да се приложи чл. 23 од Берлинскиот договор требало да се избере благопријатен политички момент, а тој момент ќе дошол само кога ќе се добиела поддршката на бугарската влада и на самата Русија. А дотогаш Ризов предлагал: да не се поддржуваат оние политички партии во Кнежевството во чија програма не влегувало подобрувањето на положбата на Македонија; да се работи за засилување на братските чувства спрема Русија, организирање и групирање за земање учество во работите на Кнежевството одејќи рака под рака со оние политички партии во Бугарија кои се борат за слободата и за подобрување положбата на Македонија („Млада България", год. I, бр. 2, 21. I. 1895, София).

Како што ќе видиме понатаму, нешто од оваа „програма" ќе влезе во решенијата на „македонскиот" конгрес.

[13]) Веќе во почетокот на 1895 год. Шахов не бил претседател на ММД; си поднел оставка. Е. Спространов, кој го наследил на таа функција, во едно отворено писмо до членовите на ММД, објавено во „Право" (бр. 16 и 17) со најостри зборови се нафрлува врз Шахова прогласувајќи го за најголема пречка на патот кон обединувањето.

се вршело речиси исклучиво по волјата на раководството на БС. Овој протокол, кој бил прифатен од двајца членови на МК — учесници на состанокот, не бил прифатен од другите тројца, според тоа и овој обид за единство пропаднал.

Уште пред свикувањето на споменатиот состанок, Македонскиот комитет издал еден проглас со кој биле канети македонските друштва да испратат делегати за Првиот конгрес на македонската емиграција во Бугарија, наречен „Прв македонски конгрес“ закажан за 19 март 1895 година. Со цел да го спречи одржувањето на конгресот во назначеното време, БС го прогласил МК за нелегален, за тело без устав и според тоа закажаниот од него конгрес се прогласувал за незаконит.[15])

Меѓутоа, противењето на БС не можело да го одложи конгресот, уште повеќе што станало јасно дека на еден таков собир можело полесно и посигурно да се измират несогласувањата меѓу двете страни и да се постигне толку саканото обединување.

Конгресот траел од 19 до 28 март 1895 год. Бројот на делегатите според некои податоци бил 60,[16]) а според други — 31.[17]) Уште на Првото заседание на Конгресот (заседанијата биле тајни) дошло до остар судир меѓу делегатите, дошло дури и до физичко пресметнување, но веќе со изборот на Бирото за раководење со конгресот[18]) станало јасно дека делегатите кои го поддржувале БС биле во мнозинство и дека на крајот тие ќе можат да се наложат. Затоа уште во почетокот бил создаден впечаток дека крајот немало да биде добар, а некои странски новинари во тој дух ја информирале својата публика.

Најдолга и најбурна дискусија се развила околу определување целта на македонските друштва. Три дена се расправало околу прашањето: зошто требала да се бори македонската емиграција — за автономија на Македонија или за присоединување кон Бугарија. На крајот само тројца од делегатите гласале за „присоединувањето“. Доста деликатна се покажала и точката која ги одредувала средствата за постигнување на целта. Бидејќи Конгресот се одржувал во времето кога Китанчев засилено работел на подготвување и уфрлување чети во Македонија, делегатите биле принудени на ова толку деликатно прашање да му посветат посебно внимание. Конгресот решил во принцип да се

---

14) „Право“, бр. 16 и 17, 7. III. 1895.

15) „Право“, бр. 19, 18. III. 1895. Правото на МК да свикува конгрес му било оспорено од општото собрание на БС, одржано на 12. III. 1895.

16) „Право“ бр. 20, 31. III. 1895.

17) Преображенско въстание 1903, София, 1955, с. 151. Известувајќи го министерот за надворешни работи на Бугарија Григор Начович за првиот ден од работата на Конгресот, софискиот градоначалник тврди дека сите делегати биле 31 од кои 10 биле опозиција и дека Конгресот го симнал „самозваниот“ комитет на чело со Дијамандиев, К. Сарафов (чичко на Б. Сарафов) и Георги Георгов.

18) За претседател бил избран Китанчев; за потпретседател некој си Драгулев, адвокат, цанковист; за секретар некој си Алт'пармаков — сите од БС.

испратат чети во Македонија, прво со „апостолска — агитациона“ цел, а по потреба да преземат и вооружени акции. Се разбира ова средство не можело да биде отворено дефинирано во конгресните решенија туку било камуфлирано со општи фрази, на крајот. Инаку речиси сите заседанија биле бурни, но сепак разногласијата на некој начин биле потиснати и се дошло до некакво разбирање и до усвојување на потребните документи и избор на раководство.

Според решенијата[19]) донесени на овој конгрес, целта на македонските друштва била „придобивање на населението во Македонија и Одринско, политичка автономија приложена и гарантирана од големите сили“. За постигнување на целта биле предвидени следниве средства: влијание врз бугарските влади и општествено мнение во Бугарија и Европа преку: а) печатено слово, б) агитации во другите балкански државици за општо дејствување во корист на автономијата, в) агитации и митинзи, г) поддржување изборот за пратеници во Народното собрание на оние лица кои се задолжуваат да работат за постигнување целта на македонските друштва, д) испраќање делегати и меморандуми до европските дворови, и најпосле г) општо преземање на мерки, диктирани од условите.

Со овие решенија била регулирана и организацијата на македонските друштва, правата и должностите на централното раководство и др.[20]) За претседател на новиот Македонски комитет бил избран Тр. Китанчев.

Конгресот решил да испрати телеграма до рускиот цар Николај II, грофот Игнатиев и Гледстон, а избрал и одделна делегација со цел лично да му поднесе на бугарскиот кнез една специјална адреса и да го замоли тој и владата да се застапат за правата на поробените браќа. Во адресата Фердинанд бил прогласен за „врховен поглавар на бугарскиот народ, персонификатор и исполнител на неговите заветни идеали“ атрибути кои сигурно му ласкале на кнезот, но кои од разбирливи причини, избегнувал да ги прифати.

---

[19]) Юрданъ Ивановъ, Съчинения на Трайчо Китанчевъ, София, 1898, с. 52—59; Ср. п. Петровъ, Македонското дѣло преди и презъ 1895 въ България, Илюстрация „Илинденъ“ год. VI, кн. 7, 1934, София.

[20]) Друштвата го носеле називот „Македонското друштво“, а тие во Романија „Македонско благотворително друштво“. Член на македонските друштва можел да биде секој оној кој сочувствувал со нивната цел, по препорака од три члена. Секој член од македонските друштва по прашањето за автономијата на Македонија и Одринско „се задолжува да ја поддржува секоја бугарска влада, која работи за постигнување на таа цел и да се труди да дејствува врз онаа влада, која би ја игнорирала таа цел“.

Централното раководство било наречено „Македонски комитет“, а се состоело од петчлено биро и 15 лица советници. Комитетот се бирал секоја година од конгресот кој се свикувал редовно еднаш годишно. Со овие решенија, на комитетот му се давале доста големи права.

Во телеграмата, пак, испратена до Николај II, потпишана само од Китанчев, руският цар бил наречен „наш господар" т.е. господар на „Бугарите".[21])

Решението на бугарската влада и кнезот, избраната од Конгресот делегација да биде примена во аудиенција, предизвикало, според српскиот дипломатски агент „голема сензација во овдешните дипломатски кругови". Сите тие кругови биле едногласни во осудата на тој чин. На состанокот со министерот Начович дипломатските претставници на големите сили му изјавиле дека чекорот на кнезот ќе биде во штета на бугарската влада бидејќи со тоа на дотогашната агитација на комитетот ќе ѝ се даде еден вид протекција што би можело да предизвика за бугарската влада непријатни последици. Начович ги убедувал дипломатите дека непримањето на делегацијата ќе направело многу негативен впечаток во земјата, но ветил дека одговорот на кнезот на адресата ќе биде таков што ќе ги разбие сите сомневања за коректниот однос на кнежевската влада по ова прашање.[22]) И навистина, делегацијата била доста студено примена од кнезот Фердинанд. Тој пред неа ја изразил својата загриженост и несогласување со акциите на емиграцијата, особено со митинзите, кои, како што истакнал, имале за последица не подобрување, туку влошување на положбата во Македонија, посочувајќи го како пример зголемувањето на турската војска на границите, нејзиното преоружување, засилување на административните и полициските органи, предизвикување на властите и сл. Кнезот побарал македонската емиграција да престане со агитацијата и со тоа да му овозможи слободно да работи за подобрување положбата на „браќата" во Македонија. Ги потсетил делегатите дека благодарение на добрите односи што постоеле меѓу Бугарија и В. Порта „нашите еднородци во вилаетите имаат 4 владици и доста широки права да си отворат и поддржуваат народни училишта". Овој пример кнезот го истакнал за да докаже дека неговата грижа кон тоа население не била „само платонска".[23]) Во својот говор Фердинанд не сакал да го употреби називот „Македонија" употребувајќи го само терминот „вилаети".

Ставот на Фердинанд, изнесен пред делегатите, предизвикал револт кај МК и речиси кај сите политички опозициони партии во Бугарија. Прашањето за „ослободувањето" на Македонија, создадено во Кнежевство Бугарија по нејзиното формирање, започнало да добива нови, опасни, димензии во политичкиот живот на земјата. За тоа во извесна мера придонесувале и

---

[21]) Извештаи на италијанските дипломатски претставништва, Институт за национална историја — Скопје коп. 103—107, 7. V. 1895.

Китанчев, близок на Каравелов и на неговата русофилска партија, не сакал да има односи со бугарскиот кнез и не бил меѓу петте делегати кои му ја предале адресата на Фердинанд.

[22]) Дипломатски архив, СИП — Белград, Политичко одделение, фасц. 1, пов. бр. 22, 9. IV. 1895, Софија.

[23]) „Глас Македонски", год. II, бр. 19, 16. IV. 1895.

раководните кругови на македонската емиграција, кои, влегувајќи во редовите на одделни партии се претворувале во нивни орудија, се вовлекувале во водовртежот на буржоаскиот парламентарен живот кој се карактеризирал со бескруполозност, шпекулативност, нечесност и сл. Инаку, мешањето на македонските друштва во внатрешните партизански борби свесно или не, било санкционирано и од самиот конгрес.

Како што констатиравме во точ. 2 од Решенијата на конгресот, се барало од друштвата да го поддржуваат изборот за пратеници во Народното собрание на Бугарија на оние лица кои се задолжувале да работат за постигнување целта на македонските друштва. Со други зборови тоа значело да се поддржува секоја партија, секој оној кандидат, кој ветувал дека ќе работи за автономна Македонија. Таквото решение не можело да остави индифирентна ниту една буржоаска партија во Кнежевството која во стремежот кон освојувањето на власта, по правило, не бирала средства. А за да стане појасно значењето на таквото решение ќе треба да додадеме дека, почнувајќи од овој период, во Бугарија брзо се зголемувал бројот на македонските друштва и тоа не само во градовите, туку и по селата, и дека во многу од нив се зачленувале значителен број луѓе од месното бугарско население[24]) и претставувале организирана сила која не била за потценување. Покрај другото и затоа, буржоаските партии во Бугарија, почнувајќи особено од сега, со македонското прашање, со борбата и страданијата на македонскиот народ, ќе шпекулираат често и до несфатливи граници за обичниот човек.

Општо земено Првиот „македонски" конгрес и решенијата донесени од него претставувале еден вид пресвртница во дејноста на македонската емиграција во Бугарија. Со тоа, всушност, се дала и официјална гласност на една во суштина антимакедонска и антиавтономистичка политика на македонските комитети во Бугарија, која се водела од името на македонската емиграција, па дури и од името на Македонија. Колку и да звучеле хумано принципите за кои тие комитети се бореле, не било тешко за секој добронамерен да сфати дека нивната политика им нанесувала само зло на угнетените маси во Македонија и дека во крајна линија им служела речиси исклучиво на великобугарските аспирации кон Македонија и одела во прилог и на оние владеачки кругови во соседните балкански монархии кои се стремеле кон завладување на Македонија. Веќе првите акции на Првиот конгрес и на Македонскиот комитет биле од таков карактер што недвосмислено одат во прилог на оваа констатација.

Прогласувајќи го бугарскиот кнез Фердинанд за врховен „водач" на сите Бугари што, според сфаќањата на македонските

---

24) Юрданъ Ивановъ, Съчинения на Трайчо Китанчевъ, с. 262.

емигрантски водачи значело и на македонските „Бугари“, најблаго речено, претставувало чиста провокација и многу лоша услуга за Македонија и за нејзината ослободителна борба.

Пишувајќи за Првиот „македонски“ конгрес нашиот познат револуционер Димо Хаџи Димов меѓу другото вели: „. . . Со решенијата донесени на тој конгрес стана јавно дека македоноодринските друштва во Бугарија не се благотворителни туку чисто политички и дека тие не се македоноодрински, туку бугарски . . . Со своите друштва и нивниот Врховен комитет македоноодринските емигранти кои ја напуштале својата татковина за послободен и побезгрижен живот во Кнежевството; кои не жртвувале ништо за да помогнат да се подобри судбината на нивните соотечественици; кои немале и немаат ниту најмалку желба да ги остават топлите и доходни места и да се соединат со своите браќа во нивната борба против крвниот турски режим; — тие емигранти не можат да вршат никакво влијание врз бугарските влади и Европа . . . зашто само со револуција може да се влијае . . .“[25])

Кога зборуваме за целите и средствата одредени од Првиот „македонски“ конгрес и, подоцна, потврдени од Вториот вонреден конгрес, должни сме преку една кратка анализа да ја истакнеме и формалната разлика која постоела меѓу целите и средствата на македонската револуционерна организација и тие прокламирани од македонската емиграција во Бугарија, односно од „македонскиот“ конгрес. Ова е потребно и поради тоа што гледајќи ги програмските документи на „македонските” конгреси во Бугарија или на комитетите, особено по однос на целта, многу од незнаење или тенденциозно, не ја забележуваат огромната разлика која и формално постоела меѓу Македонската револуционерна организација и Македонскиот, односно Врховниот комитет во Бугарија. Се разбира, во конкретниот случај, ќе бидеме далеку поавтентични и поуверливи ако го повикаме на помош Ѓорче Петров кој десетина години подоцна, преку една извонредна и во основа правилна анализа[26]) на ова суштинско прашање, базирана врз горкото искуство, ги разоткрива сите елементи врз кои била градена врховистичката политика и акција и ги определувала целта и задачите на МРО. Ѓорче, меѓу другото, констатира дека при определувањето целта во статутите на софиските комитети, се водело сметка таа да се совпаѓа со „историските и политичките задачи и тенденции на Бугарија . . . и да врви паралелно и во хармонија со текуштата политика на Кнежевството, зашто последното, а не нашата борба, ќе го предизвика разрешувањето на македонскиот проблем.

Општ впечаток од побудите и целта одредена од „македонскиот“ конгрес, според Ѓ. Петров, бил што тука главен збор

---

[25]) Революционенъ листъ, бр. 8, 27. I. 1905, София.

[26]) Г. Петровъ, Македонското ослободително дѣло, Македонски преглед, бр. 3, 4, София, 1905.

имала дипломатијата. „За македонската организација во Бугарија, таква цел, соодветни побуди и систем на дејство кој произлегува од тоа, може да има смисол и право, зашто е сообразено ... со нејзиното право на опстанок, со средините во која живее и, најпосле со воспитувањето на нејзините дејци, кои ѝ го определуваат карактерот ... Што се однесува до целта, авторите на статутите биле принудени да ја бараат златната средина меѓу крајната струја во Бугарија — да се дејствува директно за присоединувањето на Македонија кон Бугарија — и неопходноста од умереност во барањата за да можат тие да бидат прифатливи". Понатаму Ѓ. Петров се прашува: Приемлива и сообразна ли е горната цел со потеклото на Внатрешната организација и со условите, при кои таа се развива и постои? И одговара: Македонското ослободително дело, како кауза на месното население, задолжително треба да има своја сопствена цел, одделно од таа на надворешните фактори ... При условите во кои Делото се родило и развива и по форма и по суштина, неминовно ќе има револуционерен карактер и дејноста на Организацијата ќе биде задолжително чисто револуционерна ... Сето друго, колку и да е важно за прашањето, е неможно за нас и според тоа, не е наша работа ... Ослободителното дело е рожба на времето, тоа е сенародна појава раководена од колективен народен ум ... При тој самороден народен идеал да му наметнуваме на ослободителното дело надворешни идеали, значи не да го насочуваме туку да го уништуваме во неговата основа. Во својата основа, надворешната организација (македонската емигрантска во Бугарија, — б. м.) и по цел и по побуди, не е ништо повеќе од клон на бугарското државништво ... Меморандуми, протести, митинзи, писмени изложенија на нашите барања преку бугарската влада, притисок во Бугарија врз владите за да ги принудат да дејствуваат пред Европа — тоа е патот на дејност на нашите дејци во Бугарија. Надежта за практични резултати од таа дејност е само во бугарската дипломатија, во грижите на бугарската влада и сливањето на нивната цел со бугарските државни задачи, а оттука и распределувањето на ролјите тие — да молат, а бугарската влада да се грижи и да работи. Заправо, во едно катче на статутите се среќаваат и „мерки диктирни од силата на опстојателствата", т.е. борба поактивна. Но и таа е предвидена не како самостојна појава, туку како вештачко воздејствие врз бугарските влади и Европа ...".

Тука, продолжува Ѓ. Петров, јасно се негира народната борба како важен и самостоен фактор во решавањето на нашето прашање, се крие тенденција да се уништи или најмалку да се подведе под туѓ именител револуционерната борба кај нас. Се негира со тоа не само нашата идејна самостојност, туку се гледа стремеж да се уништи нашето право на постоење како револуционерна организација со револуционерни средства и револуционерни начини на дејствување ...